***З А П И С Н И К***
***од 20-та седница  на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 27.02.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите  Демир Хисар со почеток во 10 часот.

На почетокот на седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски и Марина Димитријовска. На седницата присутна беше Магдалена Вељановска нареден советник од листата на советници на ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА“.

Од општинскката администрација присутен беше Раководителот Мише Милошевски. Присутна беше Александра Трајковска претставник од општината.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 19-та седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 10 „за“ без забелешки.

-Усвојување на записник од вонредната седница на Совет на општина Демир Хисар одржана на 15.02.2023 година

Записникот од вонредната седница беше усвоен со 10 „за“ со забелешка за корекција на техничка грешка.

На  седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.**Донесување на Решение за избор на  верификациона комисија.

2.Решение за верификација на мандат на советник член на совет на Општина Демир Хисар.

3.Донесување на Решение за разрешување и именување на член во комисија за мандатни прашања,избори и именување.

4.Донесување на Решение за  разрешување и именување на член во статутарно правна комисија.

5.Донесување на Решение за разрешување и именување напретседател во комисија за финансии и буџет.

6.Донесување на решение за разрешување и именување на претседател во комисија за опшествени дејности.

7.Донесување на решение за разрешување и именување на член во партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар.

8.Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на поектот „Подобрување на условите за живеење  во с.Прибилци, преку реконструкција на улици“.

9.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа истакна точката 8. Усвојување на извештај за

работата на полициската станица од општа надлежност Демир Хисар во текот на 2022 година, ја повлекува подносителот, поради службени обврски не се во можност да бидат присутни на седницата. Потоа му даде збор на претставникот од општинската администрација Раководителот Мише Милошевски да даде образложение за предлогот за дополнување на дневниот ред со точка Донесување на Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на поектот „Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци, преку реконструкција на улици“. Раководителот Милошевски објасни повикот е излезен краен рок за аплицирање е вторник затоа предлагаме дополнување на Дневниот ред со оваа точка да можеме да ги запазиме роковите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали е објавен повикот за изработка на проекти. Раководителот Мише Милошевски објасни очекуваме повик за финансирање на изработка на проекти, ова е преку Бирото за регионален развој, согласно критериумите кои се потребни овај проект за Прибилци е соодветен за аплицирање. Реконструкција на веќе постоечки улици потребно е гребење на асвалтот, поставување тампон и асвалтирање. Со оглед на тоа што сме општина со седиште во град потребно е да учествуваме со 50 % од вредноста. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски му се заблагодари на раковиделот Мише Милошевски објаснувајќи дека е слободен, а потоа предложи оваа одлука да се дополни под реден број 8. На местото од точката која беше повлечена. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на дневниот ред со дополнувањето гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Решение за избор на верификациона комисија***

За членови на верификационата комисија беа предложени Претседател Марина Димитријовска, членови Сашо Михајловски и Аце Јанкуловски. Забелешки немаше. За донесување на Решението гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

По изборот на Верификационата комисија Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи пауза за Верификационата комисија да се повлече да се изготви извештај за верификација на мандат на нареден советник Магдалена Вељановска.

***ТОЧКА 2. Решение за верификација на мандат на советник член на совет на Општина Демир Хисар***

Претседателот на Верификационата комисија Марина Димитријовска поднесе извештај за верификација на мандат на нареден кандидат за член на Совет Магдалена Вељановска нареден советник од листата на советници на ВМРО ДПМНЕ И КОАЛИЦИЈА „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА од ОИК бр.11-155/11 од 17.02.2023 година Едногласно од присутни 10 советници на општина Демир Хисар се прифати верикицацијата на мандатот на Магдалена Вељановска. Советничката Магдалена Вељановска ја прочита и потпиша свечената изјава.

***ТОЧКА 3. Решение за разрешување и именување на член во комисија за мандатни прашања, избори и именување***

За Решението за разрешување и именување на член во комисија за мандатни прашања, избори и именување Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни Александра Трајковска поднесе оставка од член на комисијата. На седницата комисијата за мандатни прашања избори и именување имаше два предлози и тоа Магдалена Вељановска и Марина Димитријовска. Други предлози немаше. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предлогот Марина Димитријовска да биде член на комисијата за мандатни прашања, избори и именување го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“, 6„воздржани“

предлогот не се прифати. Потоа вториот предлог за член на комисијата да биди Магдалена Вељановска беше ставен на гласање. За предлогот гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ предлогот се прифати.

***ТОЧКА 4. Решение за разрешување и именување на член во статутарно правна комисија***

За решението за разрешување и именување на член во Статутарно правна комисија, Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска истакна членот Александра Трајковска поднесе оставка. На комисијата за мандатни прашања избори и именување имаше два предлози и тоа Аце Јанкуловски и Даниела Давидевска. Бидејќи немаше други предлози Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предлогот за член во Статутарно правната комисија да биди Даниела Давидевска го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“. Предлогот не се прифати. За предлогот за член во комисијата да биди Аце Јанкуловски гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“ предлогот се прифати.

***ТОЧКА 5. Решение за разрешување и именување на претседател во комисија за финансии и буџет***

За Решението за разрешување и именување на претседател во комисија за финансии и буџет Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни Александра Трајковка поднесе оставка. Комисијата за мандатни прашања избори и именување има два предлози за претседател на Комисијата за финансии и буџет и тоа Сандра Пејковска и Јасмина Јовановска. Бидејќи немаше други предлози Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предлогот за претседател на комисијата да биди Јасмина Јовановска го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“. Не се прифати предлогот. За предлогот претседател на комисијата да биди Сандра Пејковска гласаа 6 „за“ 5 “воздржани“. Предлогот се прифати.

***ТОЧКА 6. Решение за разрешување и именување на претседател во комисија за опшествени дејности***

За Решението за разрешување и именување на претседател во комисија за опшествени дејности Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни Александра Трајковка поднесе оставка. Комисијата за мандатни прашања избори и именување има два предлози за претседател на Комисијата за опшествени дејности и тоа Аце Јанкуловски и Даниела Давидевска. Бидејќи немаше други предлози Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предлогот за претседател на комисијата да биди Даниела Давидевска го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“. Не се прифати предлогот. За предлогот претседател на комисијата да биди Аце Јанкуловски гласаа 6 „за“ 5 “воздржани“. Предлогот се прифати.

***ТОЧКА 7. Решение за разрешување и именување на член во партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар***

За решението за разрешување и именување на член во партиципативното тело за урбанистичко планирање на Општина Демир Хисар Претседателот на комисијата за мандатни прашања избори и именување Сандра Пејковска објасни Александра Трајковка поднесе оставка. Комисијата за мандатни прашања избори и именување има два предлози и тоа Магдалена Велјановска и Јордан Кромидаровски. Бидејќи немаше други предлози Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предлогот за член во партиципативното тело да биди Јордан Кромидаровски го стави на гласање. За предлогот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“. Не се прифати предлогот. За предлогот

претседател на комисијата да биди Магдалена Вељановска гласаа 6 „за“ 5 “воздржани“. Предлогот се прифати.

***ТОЧКА 8. Одлука за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на поектот „Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци, преку реконструкција на улици“***

За Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на поектот „Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци, преку реконструкција на улици“ во водениот дел имаше објаснување од страна на Раководителот Мише Милошевски. Советникот Јордан Кромидаровски забележа претставникот од општината требаше да биди присутен да побараме објаснување во врска со одлуката, потоа праша дали има изготвено проект за улиците во Прибилци. Претседателот Љупчо Најдовски одговори ако нема проект нема да можи да се аплицира. Советникот Јордан Кромидаровски праша како се определуваат приоритетите, за Смилево има изготвено проект за улиците, зошто со тој проект не се аплицира. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја прекина седницата, а продолжението на седницата го закажа за понеделник 6 март во 16.30 часот.

Продолжението на седницата се оддржа на 06.03.2023 година во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 16.30 часот. На седницата присутни беа 10 советници од вкупно 11 и тоа Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Филип Ангелески, Валентин Несторoски, Магдалена Вељановска, Сандра Пејковска, Јордан Кромидаровски, Јасмина Јовановска, Марина Димитријовска и Даниела Давидевска, отсутен беше советникот Сашо Михајловски. На седницата присутна беше Александра Трајковска претставник од општината. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски констатира присуство од десет советници, а потоа предложи да се продолжи со работа по точка 8.Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на поектот „Подобрување на условите за живеење во с.Прибилци, преку реконструкција на улици“ каде беше и прекината седницата. Ги запозна советниците после седницата направени се разговори, барав објаснување и добив информации дека согласно повикот овај проект е единсвен со кој може општината да аплицира, исто така и таа улица е во многу лоша состојба. Доколку имаше повеќе проекти со кој општината ќе може да аплицира на повикот предлагав да бидат доставени до Советот и Советот да одлучи за приоритетите. Советничката Марина Димитријовска додаде утре е последен рок треба да се запази. Дискусија повеќе немаше. Едногласно со 10 „за“ беше донесена одлуката.

ТОЧКА 9. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до Советот има поднесено барања и тоа од пчеларско здружение МЕДЛИКА МЕД Демир Хисар кои бараат да се направи измена на законското решение и да се намали растојанието за одгледување на пчелни семејства од населено место, кое сега е регулирано на 500 м. Потоа и даде збор на Александра Трајковска да ја објасни законската регуларива. Претставникот Александра Трајковска објасни согласно закон и одлуката за комунален ред донесена од Советот определено пчлени семејства да се чуваат 500 м оддалечени од населено место. Советот нема ингеренции да менува закон, а одлуката е усогласена

со законот. Советничката Марина Димитријовска се согласи тие од нас бараат да промениме закон, а тоа не е наша надлежност, исто така додаде да се известат што се одлучило. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донесе заклучок со кој ќе се известат дека Советот не е надлежен да прави измени во законот. ЗАКЛУЧОК: На барањето од пчеларско здружение МЕДЛИКА МЕД Демир Хисар заверено во архива на Општина Демир Хисар со бр.17-185/1 од 13.02.2023 година, советот на Општина Демир Хисар донесе заклучок дека нема надлежност по основ на ова барање. Со 10 „за" беше донесен заклучокот.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците до Советот има поднесено барање од Љупчо Огненовски со кое бара да се постави улично осветлување кај неговиот објект кој се наоѓа на излезот од Демир Хисар на раскрсницата со с.Кутретино, таму живее од 2007 година и до денес нема поставено улично осветлување. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде и предходно имавме исто барање од Ѓоко Бојаџиев дадовме согласност до денес нема постапено. Исто и сега да донесиме одлука да му се постави улично осветлување. Со сметките за електрична енергија плаќаат улично, и треба да му се постави, бидејќи објектот е осамен нема осветлување, доколку некаде има поставено улично а некој бара да се постави дополнително пред негов објект не се согласуваме, но овде нема поставено затоа предлагам да се постави улично осветлување. Исто и кај Ѓоко Бојаџиев. ЗАКЛУЧОК: На барањето од БИНГО-ОГНЕН-ПЕТРОЛ ДООЕЛ заверено во архива на Општина Демир Хисар со бр.17-193/1 од 13.02.2023 година, советот на Општина Демир Хисар донесе заклучок со кој дава согласнот на ова барање и ги задолжува надлежните од општинската служба да постапат по основ на ова барање во најкраток временски период. Со 10 „за" беше донесен заклучокот.

Советникот Филип Ангелевски праша зошто уште се исклучува уличното освелување кога секаде се прекина со рестикциите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни кога се зголеми цената на електричната енергија сметките беа многу високи, мораше да се прави заштеда. Доколку сега нема потреба да се прави заштеда да не се исклучува повеќе уличното. Советникот Аце Јанкуловски рецесијата заврши со 01.03.2023 да се направи извештај во каква состојба е со уличното осветлување колку има заштета од рестрикцијата. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни на 14.03.2023 година ќе се разгледува завршна сметка и ќе побараме извештај каква е состојбата со уличното осветлување, ако нема потреба од рестрикција да се прекини со гаснење на уличното.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги извести советниците има поднесено барање од МЗ Смилево со кое се бара санација на потпорен зид на патот. Во врска со барањето дополнително објаснување имаше советникот Јордан Кромидаровски, објаснувајќи и зидот е во лоша состојба и мостот е оштетен. Се работи за два потези санација на потпорните зидови, кој се градени пред 40 години на две места се многу оштетени и санација на мостот. Предложи општинската админитрација составена од градежен инженер, градежен техничар и со присуство на советникот Јордан Кромидаровски да излези на терен да направи увид на лице место да се направи

предмер пресметка. Исто предложи да се дај приоритет на мостот, а потпорниот зид ако не се санира ќе се отсечи патот до училиштето и да се дај повратна информација како е постапено. ЗАКЛУЧОК: На барањето од Месна заедница Смилево заверено во архива на Општина Демир Хисар со бр.17-230/1 од 20.02.2023 година, советот на Општина Демир Хисар донесе заклучок со кој ја задолжува општинската служба која е надлежна по основ на ова барање да излезе на терен на лице место,да ја увиди состојбата и да донесе најбрзо решение за решавање на овој проблем. Со 10 „за“ беше донесен заклучок.

Советникот Валентин Несторовски праша како се врши пресметката за исплата на паушалите, бидејќи смета дека се исплаќа помалку споредено со други општини кои се во иста категорија со општина Демир Хисар.
Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги извести советниците дека е обезбедно возило и веќе е стигнато за потребите на ЈП Дехи Транс Демир Хисар.
Претседателот на Советот Љупчо Најдовски укажа во врска со активностите за изградба на храмот останува да се среди со земјиштето. Потоа предложи ако има можност да се направи во таа насока за придвижување на работите да се разгледаат сите можности. Дискусија повеќе немаше.
Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17-304/2
14.03.2023 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.